# _М_ТН_СТ_ Н_ Н__СП_Х_Т: _Ф_КТ_ВН_ СТР_НЦ_

Славчо Димитров

Велимир Жерновски

Христина Иваноска

Ѓорѓе Јовановиќ

Нада Прља

Јане Чаловски

Неда Фирфова

Мала Станица, 09 - 20.12

Отворање: Вторник, 09.12, 20.00ч

Kingdom of the Netherlands

OPEN SOCIETY FOUNDATIONS

www.nadafirfova.com

# УМЕТНОСТА НА НЕУСПЕХОТ: АФЕКТИВНИ СТРАНЦИ

09.12 - 20.12. 2014
Национална галерија на Македонија – *Мала станица*

**Организатор и продукција:** Коалиција СЕКСУАЛНИ И ЗДРАВСТВЕНИ ПРАВА НА МАРГИНАЛИЗИРАНИТЕ ЗАЕДНИЦИ

**Куратор:** Славчо Димитров

**Уметници:** Велимир Жерновски, Христина Иваноска, Ѓорѓе Јовановиќ, Нада Прља, Јане Чаловски, Неда Фирфова

**Дизајн на постер:** Неда Фирфова

**Поддржано од:** Фондација отворено општество, Њујорк и Амбасадата на Кралството Холандија

**Скопје**
**2014**

„Да речеме ги сфаќам добрите и лошите страни,
дека ќе имам краток живот, дека сум при здрв разум,
бла, бла, ама пак сакам да земам дрога.
Нема да дозволат.
Нема да дозволат оти тоа е знак на нивниот неуспех.
Фактот што ти едноставно избираш да го отфрлиш
тоа што ти го нудат. Избери нè нас. Избери живот.
Избери отплата на стамбен кредит;
избери машина за перење; избери кола;
избери да дремеш пред телевизор и да гледаш серии
што ти го перат мозокот и ти го убиваат духот,
и ждереш брза храна. Избери да изгниеш во старечки дом,
да се мочаш и сереш, ебана срамота за себичните,
заебани дечишта што си ги направил.
Избери живот. Епа, јас избрав да не го изберам животот.
Ако пичките не можат да се справат со тоа,
нивен ебан проблем. Како што вели Хери Лодер,
ќе продолжам право до крајот на патот".

(*Броење на возови* – Ирвин Велш)

„Уметноста на неуспехот: афективни странци" претставува групна изложба која ангажира дел од најзначајните македонски современи уметници, а со цел да ги истражат, проблематизираат и преосмислат потенцијалите за продукција на алтернативни и нехегемонски социјални и културни светови. Тргнувајќи од претпоставката дека уметноста претставува праксис преку кој се генерираат алтернативни, ненормативни, очудени и иновативни модели на дистрибуција на сензибилното (Жак Рансијер), односно интервенција и трансформација на доминантните културни модели преку кои се санкционира и регулира перцепцијата, чувствувањето, мислењето и делувањето на/во заедничкиот свет, изложбата стреми кон ангажирање на ваквиот потенцијал на уметноста, а со цел да се понудат трансформирачки и субверзивни организации на заедничкиот, споделен свет.

*Неуспехот*, *искуството на срамот* (како конститутивно за идентитетската позиција и себе-доживување на малцинските субјекти), и *негативните и 'парализирачки' емоции* (анксиозност, меланхолија, оплакување, депресија, страв итн.) се предмет на анализа од различни позиции на секој од уметниците вклучени во изложбата, и материјал за трансфигурација и трансформација преку перформативно генерирање на позиции на отпор против хегемониските модели на општеството, од една страна, и индикатори за структурните ефекти на социјалната нееднаквост и насилството врз интимните, отелотворени и афективни искуства на родово и сексуално ненормативните малцинства.

Емоционалните искуства на сите оние тела социјално маркирани како настрани,

изопачени, девијантни, изроди, ненормативни, па дури и ненормални, или како квир (во рамки на англо-американската терминологија и политичко искуство), искуства кои се исцртуваат на маргините на нормативниот социјален простор како маркери на неуспехот да се отелотвори родовата и сексуалната норма, или пак нормата за достоинствен, легитимен, и вреден живот во рамки на капиталистичка хиерархиска скала и националната имагинација, во рамки на изложбата се промислуваат и истражуваат како можност за креација на алтернативни линии на живот, нови форми на социјалност и сродство, пријателства и модели на интимност и љубов.

Губењето во неуспехот, одовде, станува место за колективна пракса на отпор со која се отфрла и се одбива здраворазумското прифаќање на доминантната логика на успехот, како ефект на моќ и дисциплина, односно на хегемониските императиви и норми кои дефинираат што се вреднува како животен успех, и кој се вреднува како признаено човечко битие врз основа на овие норми.

Проживеаните и неподносливо болни инскрипции на моќта врз телата на малцинските субјекти, кои се исчитуваат во непрепознаените и невидливи секојдневни искуства на траума, и го исцртуваат затворениот и повлечен интимен простор на меланхолијата и депресијата, односно „бездната што тагата ја создава, на неискажливата болка која понекогаш, а често долготрајно, не обзема се додека не го загубиме целокупниот интерес за зборовите, дејствувањеата, па дури и за самиот живот‟ (Кристева), во рамки на изложбата се анализираат надвор од приватизирачките, психологизирачки и патологизирачки рамки, односно се истражуваат како ефект на нееднакви социјални релации и односи на моќ, дискриминација и исклучување.

Заглавеноста, застојот, парализата, недејствителноста, одбивањето на партиципација во секојдневниот тек на нормативната јавност, лепливоста на минатото како загуба, назадната приврзаноста за отсутните и неостварени љубови, идеали и социјалности, како ефекти и симптоми на меланхолијата, се поставуваат како афективни интензитети со кои се одбива императивот за продуктивноста во национал-капиталистичката машинерија, се комеморираат историите на страдање и насилство избришани од усмереноста кон иднината на хетеронормативната фамилијарност која се репродуцира и одржува присилно до недоглед, и се создаваат јавни светови и контракултури на тажење и визибилизација на неизговорливите и невидливите загуби.

Истовремено, целта на изложбата е да понуди линии на мобилизација на овие емоционални комплекси во насока на изместување и прекин на хабитуираните и нормализирани модели на споделени групни емоции, и преку театрализација и ре-перформирање на срамните искуства, желби, задоволства, емоции, релации и тела, да се преиспитаат и растетераат стерилизираните нормативи и морализаторски рамки на човековата интелегибилност.

Конечно, „Уметноста на неуспехот: афективни странци‟ ја преиспитува човековата

ранливост, неизвесност и изложеност како можни основи за нови разбирања на тоа што не дефинира како луѓе, и кои се нашите споделени услови врз основа на кои сме поврзани со другите и преку кои ја замислуваме и градиме заедницата вон насилните тоталитарни, хомогенизирачки и есенцијалистички политички и етички модели. На тој начин, изложбата го поставува прашањето за можноста за градење на алијанси и коалиции на отпор против различните модели на нееднаквост и експлоатација оттаде идентитетските рамки, ограничувања и исклучувања, односно врз основа на споделените искуства на срам, неуспех, исклучување, и емоционално ’парализирање’ помеѓу различни општествени локации и групи.

Изложбата е проследена со публикација во која се застапени делата на уметниците, како и критичко - есеистички текстови на современи автори од областа на квир теориите. Преводите на некои од најзначајните текстови во областа на родовите и квир теориите уредени во рамки на публикацијата се истовремено и клучни референци за теориската позадина на која се потпира основниот концепт на изложбата, односно афективната квир теорија, квир теории на срамот, меланхолијата и негативните емоции и нивните политички и културни извори и импликации (Даглас Кримп, Дејвид Халперин, Хедер Лав, Џудит Халберстам, Ен Цветковиќ, Сара Ахмед, Ли Еделман, Марина Гржиниќ, Мајкл Ворнер).

***Славчо Димитров***

***„Однасловено" Распетие***
**Велимир Жерновски**

памучен материјал/силиконско полнење/полиестер/пластика
2014

*It's become a habit, a way to start the day…*
Bjork, Hyperballad

Следејки ја серијата на проекти „Однасловено", во овој проект продолжувам да ги истражувам афектите и релациите поврзани со меланхолијата, загубата, жалењето и, воопшто, неуспехот како политичко - социјална позиција во еден поширок контекст.
Во центарот на инсталацијата е поставен објект (претстава на мртво одрано животно) изработен од памучен материјал/силиконско полнење/полиестер/пластика. Објектот е единствено осветлен од еден извор на светлина која фокусирано паѓа над инсталацијата од височината на галеријата. Рембрантска атмосфера на некоја оддамна заборавена подрумска просторија, мрачна и ладна. Но сепак светлината пробива до објектот кој не не не остава да ја заборавиме траумата која не опседнува. Распарчената детска играчка добива димензија на Бејконово распетие, сликата која се појавува пред гледачот сведочи за масакар, распнато тело во процеси на распаѓање, тело кое никогаш повеќе нема да биде телото кое го препознаваме како уточиште. Тело кое сепак задржува место во нашата архива како точка кон која неизбежно се враќаме, точка која ќе продолжи да ги дефинира сите наши стравови, срамови, релации и љубови во иднина.
Со изборот на материјалите евоцирам некаква детска игривост, спомен на удобност и безгрижност, доживеани некаде, во некој простор и време, а кои тешко можеме да ги лоцираме од денешна перспектива; контраст кој ја изместува удобноста на детскиот спомен во еден контекст кој сведочи за катастрофална, неповратна состојба на една меморија.

**Биографија:**

Жерновски дипломирал на Факултетот за ликовни уметности, Универзитет Св. Кирил и Методиј - Скопје. Во моментов тој е студент на постдипломски студии на Ликовната академија во Скопје. Има остварено повеќе самостојни изложби во Македонија и странство: Белград (2014), Њујорк ( 2010 , 2012 ), Париз ( 2011 ), Виена (2009, 2011 ), Фрајбург (2009), Скопје ( 2006, 2007, 2010 , 2012, 2013 ), а има учествувано во групни изложби во Србија, Словенија, Косово, Австрија, Германија, Холандија , Македонија, Турција и САД. Тој е куратор и ко- куратор на неколку проекти и изложби, и учествувал во повеќе меѓународни проекти и соработки. Има работено како кураторски асистент на

press to exit project space - специјален проект на швајцарската програма за култура во Македонија. Член е на Програмскиот одбор на ИТИ (Меѓународниот театарски институт - Македонија) и активно учествува во програмата на Коалицијата "Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници". Од 2008 Жерновски е ко- основач и претседател на FRIK, Формација за развој на иницијативи во културата, организација која работи на мотивирање на социјално ангажирана уметност, продукција и демократизација на општеството, преку предрасудите и стереотипите. А од 2013 е ко-основач на ИПАК центарот во Белград. Преку медиумите на цртежи, видеа, инсталации, објектни инсталации во јавниот простор, пишување и објавување на уметникови книги ги истражува поимите на идентитетот, урбаноста и популарната култура, како и сексуалноста и родовиот идентитет.

***Мајчице мила! Колку чудно е денеска сè!,***
***Dear, dear! How queer everything is today!***
**Христина Иваноска**

Инсталација од пет садови изработени во earthenware керамика,
рачно обликувани и сликани со декоративни керамички бои

2014

*Мајчице мила! Колку чудно е денеска сè!* – почнува да се прашува детето Алиса гласно за сè она чудно што се случува во него и околу него, зборувајќи си самото на себе. Можеби книгата „Алиса во земјата на чудата" (1865) на Луис Карол, меѓу другото, зборува токму за времето кога емоциите кај детето стануваат покомплексни и кога тоа може да препознае нова, поинаква состојба кај себе за себе. Да се доживее како поинакво од другите, но, и токму затоа, и како загатка и за себе и за другите. Загатка која треба да ја разгатне, да ја разоткрие, разоткривајќи се себе си (и пред другите). Од тој моментот болката, страдањата и солзите стануваат интима.

И токму во изразувањето на интимата изборот на керамиката како медиум не е случаен. Од една страна таа е метафора за природата која ги содржи во себе трите основни елементи: земја, вода и оган, и која најчесто се врзува со домот – со чување, подготвување и служење на храната, но и со декорирање и украсување на домот. Од друга пак страна, иако керамиката е непретенциозна заради нејзините ограничувања во изборот на големината и формата, и традиционална во својата суштина поради строгите правила на изработка, во современата керамика се појавуваат геј и cross-dressing автори кои ја анулираат тезата дека керамиката и е предодредена на жената. Својот сензибилитет, својата естетика совршено ја инкорпорирале во керамиката со сите нејзини карактеристики и квалитети. Таа станува медиум преку кој се изразува став, определба, позиција; медиум во кој може да се биде „безобразно" експлицитен во изразувањето на својата интима, и на граница на кич во пренесувањето на мечтите.

Оваа комплексност на керамиката се обидов да ја пренесам и во оваа моја последна продукција. Орнаментиката претставена на надворешната страна од петте керамички садови е во опозиција со она што е внатре, кое е најчесто базирано на текст, минимално и прочистено. Таа е инспирирана од ореолот на Св. Апостол Павле претставен на икона од XV век од црквата „Св. Ѓорѓи" во Струга. Неговиот ореол, кој наликува на чипка мајсторски исплетена од срма или изработен од тенка позлатена жица, е во контраст со испостеното, измачено и зеленикаво лице на светецот. Во потрага по префинета орнаментика од нашево поднебје, токму таа, ако можам да си дозволам да кажам, „квир естетика", која ја препознав во нешто што треба да симболизира

светлина или просветленост во една иконографија, претставуваше поттик за создавање.

А текстот, или втиснат уште во меката глина или испишан со четка и боја, произлезе од размислувањата на Лис Иригаре (Luce Iriragay), Хедер Лав (Heather Love) и Жил Делез (Gilles Deleuze). Во еден од садовите зборовите го опишуваат *Синот-Бог* кој е плод на земното и небеското, а со тоа и андрогин уште во зачнувањето. Само ваквата андрогина конструкција, меланж од различности може да биде *милостива кон другиот*, и неговата љубов и жртва еднаква за сите. На друго пак место зборовите ја потврдуваат потребата на квир субјектот да се поврзе себе си со сродни по сензибилитет личности од историјата, за да создаде свое минато со своите замислени предци. Тука зборовите не констатираат историска исклученост, туку, како да говорат, *Јас (ќе) постојам*. Целата површина на садот ја исполнуваат пет зборови во пет реда кои ни потврдуваат дека не постои трагична креација, зошто секое создавање е радост дури и кога е инспирирано од трагичното. А токму садот со бонбони во светкава опаковка кој претставува омаж кон уметникот Феликс Гонзалес-Торес (Felix Gonzlez-Torres) го потврдува токму претходно искажаното. Создавајќи од позиција на хомосексуалец и латиноамериканец, тој ги испреплетува интимата и уметноста до граница на минималност која здоболува со својата искреност. А, само еден од садовите е превртен, зошто отпечатоците на тупаници втиснати во сеуште меката глина треба да бидат „невидливи" за *другиот*. Гордоста ја анулира болката, а срамот е проголтан. На видливата површина само раскош од бои.

**Биографија:**

Христина Иваноска (1974) ја гради својата уметничка практика преку изнаоѓање на начини за индивидуално делување против воспоставените правила и норми, дефинирани од страна на конвенционалните социјални и политички системи. Таа дипломирала и магистрирала на Факултетот за ликовни уметности, Универзитет Св. Кирил и Методиј - Скопје. Досега има остварено четиринаесет самостојни изложби и бројни групни изложби во Македонија и странство во институции и независни простори како Музеј на современа уметност, Скопје (2013, 2012, 2011); Künstlerhaus, Halle für Kunst & Medien, Грац (2013); National Museum of Contemporary Art (MNAC), Букурешт (2013); State Museum of Contemporary Art, Солун (2012, 2004); Slovak National Gallery, Братислава (2011); Neue Gesellschaft für Bildende Kunst, Берлин (2011); Open Space – Zentrum für Kunstprojekte, Виена (2010); <rotor> Association for Contemporary Art, Грац (2009); Konsthall C, Стокхолм (2008); Magazin4 - Bregenzer Kunstverein, Брегенз (2008); Museum of Contemporary Art, Белград (2007); Foundation for Women's Art, Лондон (2006); Spaces Gallery, Cleveland, Охајо (2005). Иваноска има остварено повеќе резиденциски престои меѓу кои Cité International des Arts, Париз (2011); IASPIS, Стокхолм (2008); ArtsLink Residency Program, Њујорк (2004); The Corporation of Yaddo, Саратога Спрингс, Њујорк (2001); и Stiftung Künstlerhaus Boswil, Швајцарија (1998). Од 2000 година Иваноска соработува со уметникот Јане Чаловски а нивните заеднички дела биле

изложени во HDLU - Croatian Association of Artists, Загреб (2009); Zak/Branicka Gallery, Берлин (2008); Kronika Gallery, Битом, Полска (2007). Во 2004 година Иваноска и Чаловски го основаат Проектниот простор Прес ту егзит / press to exit project space, кој е програмски базирана уметничка иницијатива за истражување и продукција во областа на современата уметност и кураторските практики. Проектниот простор Прес ту егзит заедно со уште тринаесет организации е ко-основач на ЈАДРО – Асоцијација на независната културна сцена.

***Тивка ноќ- Silent Night***
**Ѓорѓе Јовановиќ**

Инсталација
2014

Инсталацијата *Тивка ноќ- Silent Night* се надоврзува на искуството на Питер Бројгел Постариот* и неговиот начин на раскажување со обид да се преточи ова искуство во нашиот локален контекст. Бројгеловите дела всушност се едни од пионерските жанровски слики кои го содржат социјалниот аспект и коментар на фламанското општество. Токму овој аспект и третман е мојата појдовна точка која се обидувам да ја инкорпорирам во инсталацијата во чиј фокус го има *македонскиот социјален пејзаж* и фрагменти од животот на маргинализираните групи и поединци. Нивните секојдневни страдања, омраза, отфрлање, понижувања и потсмев.

Ова дело има за цел не само да го испровоцира и поттикне гледачот на размислување туку има и намера да го сензибилизира, со желба да се проговори за проблемите на маргинализираните групи кај нас ,проблеми кои многу често ги премолчуваме или пак се плашиме да говориме за нив во јавноста.

*Тивка ноќ- Silent Night* го преипитува и односот помеѓу сликите и страдањето како начин за решавање на тензиите меѓу поединецот и светот преку едноставен, а сепак болно и етички збунувачки гест.

**Биографија**

Во својата досегашна работа, **Ѓорѓе Јовановиќ** се занимава со прашањата за интеграцијата и дезинтеграцијата на современиот човек. Преиспитувањето на меѓучовечките односи во контекст на општата состојба на редефинирање на универзалните вредности, односот човек-општество и конзумеризмот како клучен фактор на модерниот начин на живот, политиката како фактор на распаѓање на градовите, државите и семејствата ... Исто така, елементот на авто-референцијалноста е присутен. Преиспитувањето на себеси во потесен и поширок контекст на распадот на старите и создавањето на нови вредности. Немајќи ограничување во користењето на медиумите , работи инсталации, перформанси, објекти, видеа, колажи и слики со цел да постигне трансформација на уметничкиот израз и индивидуална експресија, следејќи ја флуидност на современиот контекст.Реализирал повеќе самостојни изложби во Македонија и странство. "Фрагментарниот архив на уметникот од земјата во транзиција", (Њујорк, 2010), "It’s Complicated", (Грац, Австрија, 2010), "Лош ден за господинот Еузебио", (Скопје , 2008) "Прошетката на господинот Ченк низ раздвоениот континент, (Скопје, 2005) и др .Реализирал и повеќе перформанси : "Исповедите на

еден јадач на колачи 2008, "Рецесијата на новогодишната ноќ", , 2008, "Депресијата на новогодишната ноќ", 2005 и др.Учествувал на бројни групни изложби во САД, Италија, Холандија, Франција, Шпанија, Белгија, Финска, Египет, Грција, Србија, Турција, Словенија, Австрија, Македонија. Резиденцијални престои: IAAB Базел, TICA-Tirana, **La Cité internationale des Arts**- Париз, Watermill Center- Њујорк, Apartment project-Истанбул, ISCP- Њујорк, CCN –Грац. За неговата пракса досега ги добил следните награди -"Денес"-2009 г, наградата за видео на меѓународниот фестивал Алтернативен филм / Видео во Белград, 2009 г., Акто фестивал, Битола, 2012 г. и Најдобар млад уметник на 10 Биенале на млади уметници, НУ МСУ во 2013 година.

*Слика-совршена суровост*
**Нада Прља**

Серија фотографии
2014

Изложбата претставува специфичен социјален контекст. Сепак на прв поглед, на изложената серија фотографии не може да се забележи ништо невообичаено. Една од нив на пример, го прикажува централниот булевар Климент Охридски и планината Водно врамена во позадина, Соборниот Храм во Скопје и редица леи со цвеќиња кои го одвојуваат булеварот на два дела, Ромка што продава незначајни предмети на возачите од колите додека чекаат на семафор, возачите кои збунето се обидуваат да го одбегнат понуденото – дел од нив сосема ја игнорираат, дел од нив колнат и викаат по нејзе, додека останатите го затвораат прозорецот од колата кога застануваат на пешачкиот премин со цел сосема да избегнат контакт, и на тој начин одбиваат да го прифатат нејзиното постоење.

Ваквиот карактеристичен амбиент може да се забележи на улиците на бројни европски главни градови и тој не претставува ништо ново или невообичаено. Но токму ваквиот лежерен став, очигледен во секојдневието на улиците на градот ме мотивираше да го создадам овој конкретен уметнички проект.

Моето враќање во Скопје по 17 години живот во Лондон беше обележано со бројни нови забелешки во врска со градот. Фактот што ме разгневи по моето неодамнешно пристигнување е односот меѓу: присуството на моќ и дивјаштво, од една страна и како последица на ова, општото чувство на покорност и капитулација од друга страна.

Затворениот круг на одобрена и прифатена суровост/измачување меѓу „повисоката" и „пониската" класа на граѓани е присутен во секој домен на социјалниот живот овде. Подробно опишана слика – фотографија која ја отсликува директната омраза кон ромските улични продавачи на булеварот Климент Охридски (или која било друга улица) посочува на односот на моќ – потчинетост поврзан со ромската популација во Скопје. Оваа етничка малцинска група е подложена на бруталност, дивјаштво, суровост, дури и садизам – на далеку посериозен начин од неправедните односи постоечки во другите локални меѓучовечки и социо-политички односи.

Кога на некој граѓанин му приоѓа член на ромската заедница кој неуморно моли за денар или продава хартиени марамчиња или крпи за чистење, тој подвикнува или користи остри, вулгарни зборови за да го избегне вознемирувањето или купувањето на понудената стока. Тоа не може да се направи љубезно, со смирен глас, бидејќи ромскиот уличен продавач очекува суровост и е навикнат на истата. Налик на скротени диви животни во циркус,

ромските граѓани се навикнати на суровоста/измачувањето на кое редовно се подложени од сограѓаните од „високата" класа.

Идеализираната слика за ромското население (помалку луда и неконтролирана група на луѓе со слободен дух) не е присутна во реалноста на улиците на Скопје. Ромскиот народ кој го имам забележано (од моето враќање во Скопје) вообичаено е покорен, сервилен и добро обучен во потчинетоста на бруталноста која се очекува да ја прифатат и трпат.

"Слика-совршена суровост" е автопортрет, портрет кој ја прикажува секојдневната свирепост во кој јас ја имам улогата на Ромка. Фотографиите ги прикажуваат дневните активности на Ромките, подредени во форма на дневник.

Насилството и злоупотребата на моќта се силно поврзани со маргинализацијата на одредени членови/групи на индивидуи во рамките на одредено општество. Професијата уметник може да се опише како маргинално постоење, со тоа што тој никогаш нема да припаѓа на востановените економски и општествени норми. Сепак, ова е свесна одлука која потекнува од уметничката слобода секој да го направи сопствениот избор. Да се биде ромски граѓанин по правило значи да се биде маргинализиран од денот на раѓање. Овој уметнички проект ми помогна да научам што значи кога ја немаш слободата да го направиш сопствениот избор. Во целост го искусив (вербалното) понижување на кое се подложени припадниците на ромската заедница, а со кое јас како уметник и припадник на белата етничка група дотогаш не бев соочена.

Си наметнав положба на неудобност за да се соочам со нестабилните односи кои произлегуваат единствено кога социо-политичките и економски услови во одредено општество се сериозно разнишани. Проектот ги репродуцира општите услови од овој вид во современото општество. Меѓутоа, тој не претставува само портрет на ромската заедница и непосакуваната и неподнослива реалност својствена за нив, уште позначајно, отсликува еден колективен портрет – рефлектирана слика од сите нас.

**Биографија**

Нада Прља е родена 1971 во Сараево. Од 1981 живее во Скопје, а од 1999 таа живее и работи во Лондон. Дипломирала на Факултетот за ликовни уметности во Скопје. Магистрирала на Кралскиот колеџ во Лондон. Нада Прља во своето дело се бави со комплексни политички и социјални состојби во современиот свет. Досега има излагано во INIVA, Институтот за Интернационални визуелни уметности во Лондон; во Contemporary Art Platform, London; OPTICA, Spain; Националната галерија на Македонија; SCCA, Алмати, Казахстан; Artneuland, Берлин; Erste Bank, Виена, Тејт Галеријата во Лондон и др. За нејзините дела се објавени текстовио во Flash Art, Artreview, Time Out, Art News, Third Text, и други меѓународни списанија.

**Јане Чаловски**
**Ана.Норд.**
2014
Повеќекратни видео проекции
Променливи димензии

Овој краток опис го почнувам со два цитата кои на некој начин се поврзани со делото:

*Гентрификаторите се фокусираат кон естетиката, не кон луѓето. За нив луѓето претставуваат естетика.*
*Сара Кендзиор (Sara Kendzior)*

*Оваа, како и секоја приказна што вреди да се раскаже, е за девојка.*
*Спајдермен, 2002*

Ова дело е за Ана, моја пријателка. Се сретнавме во 2009 година во Амстердам Норд кога бев поканет на резиденциски престој од страна на неколку организации, а таа живееше во станот до мојот. Нејзиниот профил (позајмен од нејзината веб-страница) гласи:

*Транирокс, трансексуален рокенрол и блуз музичар.*
*Со перкусија/тапани започнува на 9 годишна возраст, за подоцна да продолжи со гитара, на која се навлекува!!! Студира музикологија, и има широк опсег на музички влијанија. Настапувала во групи, но исто така и како соло изведувач, гитара и вокали.*
*На крај, сепак: Хардкор рокенрол и блуз музичар со панкерски став.*

Бевме соседи со идентични станови, со тоа што мојот беше празен бел простор. Во 2010 година направивме неколку снимки на кои таа ја изведува нејзината музика и зборува за импровизација, верба, нејзиното искуство со хормонска терапија и сеќавања за себеси во минатото. Снимањето траеше два дена, се одвиваше без сценарио, беше спонтано и напати претставуваше неудобна хроника на нашиот соживот.

Би сакал да им се заблагодарам на нашите заеднички пријатели Даниела Паез Леао, Мерел Виљамсон и Табита Кејн од Кикруимте (Kijkruimte), како и Крил Колеманс кој беше дел од Толхуистуин (Tolhuistuin) кои го овозможија делото. Му благодарам и на Славчо Димитров за неговиот интерес.

Линкови на кои е достапна музиката на Ана:

http://www.trannyrocks.com
http://www.jango.com/music/tranny+rocks?l=0
https://myspace.com/trannyrocks

**Биографија**

Уметничкото творештво на **Јане Чаловски** (1973) е насочено кон искуствени идеи често ситуирани во конкретна специфичност на нова културна и политичка географија. Неговите објекти, цртежи, видеа и инсталации произлегуваат од интуитивни процеси на интегрирање на модернистички архиви во современи социо-културни политики. Изложувал во Kunshaus Bregenz (2013), Tate Britain (Лондон, 2011), European Kunsthalle (Келн, 2010), Open Systems - Zentrum für Kunstprojekte (Виена 2013), Contemporary Art Center (Вилнус, 2004), Konshallen Brandts (Оденсе, 2006), Kronika (Битом, 2007), Philadelphia Museum of Art (1999), The Drawing Center (Њујорк, 1999) и други места. Изложувал и на меѓународни биенални манифестации како 2nd Project Biennial D-0 ARK Underground (Коњиц, 2013), Манифеста 7 (Болзано, 2008), PR 04, Puerto Rico (Сан Хуан, 2004) и Манифеста 3 (Љубљана, 2000). Бил награден со бројни признанија меѓу кои ORTung (2012), Allians Kulturstiftung, Berlin (2004) и The Pew Fellowship in the Arts (2001). Дипломирал на Пенсилваниската академија на уметности (Pennsylvania Academy of the Fine Arts, 1992-1996) и Бенингтон колеџ (Bennington College, 1996-97). Престојувал на постдипломски студиско-истражувачки програми на Center for Contemporary Art CCA Kitakyushu (1999-00) и Jan van Eyck Academy (2002/04).
Во 2004 заедно со Христина Иваноска го основал Проектниот простор Прес ту егзит (press to exit project space), уметничка иницијатива за истражување и продукција на полето на современата уметност и кураторските практики. Тој е еден од основачите на мобилната лабораторија OuUnPo (2009). Чаловски магистрирал на Универзитетот Линкопинг во Шведска (Linkoping University) во 2010. Во 2012 Zorlu Center Art Collection ја публикува неговата монографија OBJE'CT уредена од кураторка Башак Шенова. Делата на Чаловски се претставени во повеќе јавни и приватни колекции меѓу кои Van Abbemuseum, Philadelphia Museum of Art, Zorlu Art Collection, Deutsche Bank Collection, Art Collection Telecom и други. За неговите дела објавени се текстови во меѓународни списанија и публикации за современа уметност. Тој е затсапуван од Żak | Branicka Gallery, Berlin.

**Неда Фирфова**
***ЗБОРНИК, КАТАЛОГ***
Неотпечатени зборник и каталог, 14x21x3см
*2014*

Делото *Зборник, Каталог*, ќе биде изложено во форма на печатени дела-сателити на преостанатите дела во изложбата. Делото ќе произлезе од печатениот каталог на излозжбата, и од процесот на неговата продукција. Делото предвидува употреба на цели табаци од печатениот материјал, и финалниот производ – каталогот за изложбата. Од една страна, делото ќе има за цел да изгради визуелна врска помеѓу другите дела во изложбата, а од друга, да создаде наративна интерпретација на истите во просторот. Дизајнерското решение на каталогот/зборникот се обидува да го дофати, барем во еден инстант, атмосферата и афективниот тон на целокупната поставка и кураторската идеја позади изложбата. Мачнината, загубата, негативниот афект и нивните потенцијално крајни ефекти се евоцирани преку индексирањето со играта "бесилка". Сите овие афекти се раздиплени низ отворен хоризонт, и ја навестуваат неодредената и непрепознатлива можност за трансформација на овие афекти во поинакви модалитети и позиции кои бараат интерактивна интервенција. Тегобноста и бавната смрт како исход на одземениот глас, на неможноста, неизреченоста, празнината и тешкотијата, маркирани со отсутните вокали, но и темната сина позадина, го повикуваат "визуелниот читател" да интервенира, и да даде поинаков тек на состојбата. Pantone Reflex Blue, односно сината боја во книгата, евоцира една линија од квир уметничката историја (Клајн, Џарман), создава простор за рефлексија и длабочина, и дава како рефлексивен акцент на текстовите во зборникот, така и истрајност во читањето и афективните структури на моќта и нивното испишување во искуството на маргиналните субјекти.

**Биографија**

Неда Фирфова е уметничка, дизајнерка и истражувачка. Во нејзината пракса го истражува печатениот медиум како симбол за етаблирана вистина во дигиталното време, и модернистичката инвенција на решетката како основна алатка за демократска дистрибуција на принтани информации. Најчесто артикулирана во печатени медиуми, нејзината пракса сугерира поотворени пристапи кон преносот на информации. Честопати ги нагласува реверсните462уреднички процеси, на тој начин што ја остава отворена можноста за интервенции на куратори или на публиката. Овие експерименти придонесуваат кон развивање на модел на истражување преку кој одново се предизвикува, преозначува и му се дава поинаква цел на авторството на графичкиот дизајнер. Дипломира на отсекот за графика при Факултетот за ликовни уметности во Скопје, а магистрира на Одделот за графички дизајн на Тама Арт Универзитетот во Токио во 2009. Работела како дизајн истражувач на Jan van Eyck Academie во Мастрихт. Докторирала на Одделот за истражувања во уметноста при Тама Арт Универзитетот во Токио во 2012. Од 2012 е дел од основачкиот тим на дизајн платформата и студиото Modesty, а од 2014 работи како истражувач во Musashino Art University, Tokyo. Моментално живее и работи на релација Скопје, Берлин и Токио. (www.nedafirfova.com)